ПРАШАЊА ЗА ИНТЕРЕН ИСПИТ (ДРЖАВНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ) ПО ПРЕДМЕТОТ **АГЕНЦИСКО РАБОТЕЊЕ** ЗА УЧЕБНА 2020/2021 ГОДИНА – стара програма

**ВТОРА ГОДИНА**

1. Како се делат туристичките агенции во зависност од обемот и карактерот на туристичката активност?
2. Како се делат туристичките агенции според сферата на делување?
3. Како се делат туристичките агенции според организациската поставеност на пазарот?
4. Како се наречени туристичките агенции коишто обезбедуваат услови за задоволување на потребите на туристите во туристичкото место?
5. Кои активности се вршат во централата, а кои во деловните едници кај туристичките агенции со мрежа на деловници?
6. Што се подразбира под иницијативно, а што под рецептивно работење на туристичката агенција?
7. Како се групираат работите во туристичката агенција?
8. Што опфаќа посредничката функција на туристичката агенција?
9. Што подразбира организаторската функција на туристичката агенција?
10. Во кои задачи се сместува креирањето, продажбата и реализирањето на туристичките патувања?
11. Какви истражувања се анкетата, интервјуто, тестовите?
12. Како уште се нарекуваат туроператорите?
13. Што опфаќа истражувањето на туристичкиот пазар?
14. Како се дефинира туристичка агенција?
15. Какви може да бидат истражувањата на туристичката побарувачка?
16. Кои активности ги врши оперативното одделение на туристичката агенција?
17. Наброј ги стручните кадри кои работат во туристичката агенција.
18. Објасни што означува поимот „децентрализација на продажните активности“, во работењето на туристичките агенции со мрежа на деловници.
19. Што е конзорциум?
20. Како се нарекуваат туристичките бироа?

**ТРЕТА ГОДИНА**

1. Во која група деловни односи спаѓа соработката помеѓу туристичките агенции и сообраќајните претпријатија?
2. Со кои сообраќајни претпријатија туристичката агенција треба да оствари соработка за да реализира трансфер и ретрансфер?
3. Како се нарекува надоместокот кој туристичката агенција го добива од превозникот при посредување во давањето услуги?

4. Како се нарекува однапред утврдена програма за патување?
5. Каков може да биде редовниот авионски сообраќај на однапред утврдени линии?
6. Со кои договори се регулирани деловните односи на туристичките агенции и сообраќајните претпријатија?
7. Помеѓу кого се склучува договор за превоз на патници?
8. Пополни автобуски возен билет
9. Како се дели воздушниот превоз во зависност од регуларноста на редот на летање?
10. Кој ја одредува дестинацијата и времето на превозот во договорот за чартер превоз?
11. Како се нарекува постапката за враќање на платениот износ за авионски возен билет?
12. Кои услови треба да ги исполни туристичката агенција за да оствари право на продажба на железнички билети?
13. Кој го застапува сообраќајното претпријатие пред корисниците кај договорот за продажбата на билети?
14. При склучување на договор за продажба на возни билети, кој ја определува цената на билетот?
15. Пополни договор за превоз на патници
16. Која е улогата на туристичката агенција во случај кога бродското претпријатие е организатор на крстарење?
17. Според општите услови за превоз во меѓународниот воздушен сообраќај, колкав процент од износот на билетот треба да плати патникот доколку го откаже патувањето 24 часа пред почетокот?
18. Што се зема како пресметковна основа при изнајмување автобус?
19. Во кои случаи се применува пресметување на цена за изнајмување на автобус по километар?
20. Кој го одредува итинерерот на патувањето кога туристичката агенција закупува брод?
21. Како е наречен авиопревозот кога е зголемен бројот на патници во редовниот превоз на одредени линии и има потреба од воведување дополнителни летови?
22. Помеѓу кои туристички субјекти се склучува договорот за алотман?
23. Како уште се нарекува договорот за алотман?
24. Пополни договор за алотман
25. Како се нарекуваат обичајните норми и правила во угостителството?
26. Што претставува кратенката FUAAV?
27. Како уште се нарекува меѓу агенциската тарифа?
28. Кој ја издава меѓуагенциската тарифа?
29. Кој ја плаќа закупнината кај договорот за фиксен закуп?
30. Во кој случај се склучува договорот за фиксен закуп?
31. Зошто договорот за фиксен закуп е неповолен за туристичката агенција?
32. Пополни договор за фиксен закуп.
33. Дефинирај договор за побарана и потврдена резервација.

34. Што доставува туристичката агенција до угостителскиот објект кај договорот за побарана и потврдена резервација?
35. Состави и пополни барање за резервација.
36. Која туристичка агенција го доставува барањето за обезбедување услуги?
37. За кој договор се употребува изреката „полно за празно“?
38. Кој го сноси целосниот ризик од продажба на капацитетите кај договорот за фиксен закуп?
39. Кој договор склучен помеѓу туристичка агенција и угостителски објект се склучува од случај до случај?
40. Со завршните одредби како посебни узанси во угостителството се одредуваат
41. Кога туристичката агенција му издава ваучер на клиентот како доказ дека е извршено плаќање?
42. Како се делат средствата за работа на туристичките агенции?
43. Дефинирај основни и обртни средства за работа во туристичките агенции.
44. Како се делат правата и правните средства?
45. Наброј ги основните средства за работа во туристичката агенција.
46. Наброј ги обртните средства за работа во туристичката агенција.
47. Кој е највисок правен акт на туристичката агенција?
48. Каков вид услуги се плаќаат со ваучерот?
49. Пополни ваучер
50. Какви видови ваучер постојат?
51. Кој може да издава патнички чекови?
52. Кои средства за работа на туристичката агенција во текот на работењето се искористуваат делумно?
53. Кои се двете функции на превозните средства во работењето на туристичката агенција?
54. Кои се општи акти на туристичката агенција?
55. Како се групираат обртните средства?
56. Како се нарекува постапката за заштита на сопствен пронајдок?
57. Што претставува лиценцата?
58. Каков вид кредитно писмо треба туристичката агенција да му издаде на клиентот, за да може назначената сума пари да се подигнува во различни банки кои се наведени во него?
59. Каков вид ваучер треба да издаде туристичката агенција, во случај кога клиентот сака резервираните услуги да ги плати во хотелот?
60. На кој организационен услов на основачките вложувања се однесува обезбеденоста на средствата при поднесувањето на акт за запишување на туристичката агенција во судскиот регистар?

**ЧЕТВРТА ГОДИНА**

1. Како се делат туристичките аранжмани според динамичноста на патувањето?
2. Која е основната разлика помеѓу емитивните и рецептивните туристички аранжмани?
3. Како се делат туристичките аранжмани според начинот на појавување?
4. Дефинирај туристички аранжман
5. Која е основната карактеристика на туристичкиот аранжман како производ ан туристичката агенција?
6. Како се делат туристичките аранжмани според дејноста на агенцијата?
7. Како се нарекуваат туристичките аранжмани кои покрај авионски превоз мора да содржат минимум уште една услуга?
8. Како се нарекуваат туристичките аранжмани кои се изведуваат во движење?
9. Кои се фазите во процесот на поставување на туристички аранжман?
10. Која е последна фаза во процесот на формирање туристички аранжман?
11. Наброј ги директните и индиректните канали на дистрибуција на туристички аранжман.
12. За кој вид туристички аранжман важи изреката „земи или остави“?
13. Како се делат каналите на дистрибуција на туристичкиот аранжман?
14. Кој од наведените поими претставува облик на промоција?
15. Во која од наведените фази се составува список на патници за патување?
16. Што е промоција?
17. Како се дефинира каталог на туристички аранжман и што претставува?
18. Што е калкулација на цена на туристички аранжман?
19. Кои два вида трошоци се пресметуваат при калкулација на цена на туристички аранжман?
20. Кои се двете фази во реализација на промотивни активности?
21. Наведи ги и објасни ги фиксните трошоци при калкулација на цена на туристички аранжман.
22. Објасни централен и алотмански букинг
23. Направи калкулација на цена на туристички аранжман
24. Пополни пријава за патување
25. Кои се фазите во подготовката на туристичкиот аранжман за изведување.
26. Што претставува организација на продажна мрежа?
27. Во која фаза на формирање на туристички аранжман се одредува времетраењето и итинерерот на движење?
28. Која е почетна активност која туристичката агенција ја врши пред поставување на туристичкиот аранжман?
29. Што се постигнува со поставување на програмските услуги во туристичкиот аранжман?
30. Што се подразбира под поимот книжење на патниците за патување?

31. Наведи ги облиците на промоција.
32. Што претставува туристичка пропаганда?
33. Наброј ги критериумите врз основа на кои туристичката агенција го одредува промотивниот буџет?
34. Дефинирај го поимот публицитет.
35. Како уште се нарекува привлекувањето странски туристи во земјата?
36. Што опфаќа фазата на реализација на туристичкиот аранжман?
37. Како се нарекува лицето кое ги пречекува туристите на целата на патувањето?
38. Зошто е важно благовремено составување руминг листа при организирање патувања на групи?
39. Во која фаза туристичката агенции ги доставува документите на деловните партнери.
40. Кога се врши евалуација на успешноста на туристичкиот аранжман?